ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-168/7**

**Дата: 27.12.2010**

ДО
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ЕЛПИДА КАРАМАНДИ“ - БИТОЛА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основно училиште „Елпида Караманди“ – Битола (во понатамошниот текст ОУ „Елпида Караманди“) на сметката на расходи на буџет на дотации за 2009 година.

За годините кои и’ претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата е констатирано дека ОУ „Елпида Караманди“ нема обезбедено сметководствена евиденција на залихите на материјали, огревно дрво и масло за греење, ниту извршило попис на истите со состоба на 31 декември 2009 година. Училиштето не извршило пререгистрација во основно општинско училиште, а сопственоста на имотот не е пренесена од централно на локално ниво.

Ревизијата укажа на потребата од воведување на целосна и навремена сметководствена евиденција на набавените и потрошени стоки во текот на годината, и утврдување на нивната фактичка состојба со попис на крајот на годината согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Исто така потребно е да се преземат активности за пререгистрација на училиштето и изврши пренос на сопственоста на објектите од централно на локално ниво.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на Основното училиште „Елпида Караманди„ - Битола на сметката на расходи на буџет на дотации за 2009 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основно училиште „Елпида Караманди„ - Битола за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :
- Илчо Белџигеровски - директор 23.02.2007 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците на Основно училиште „Елпида Караманди“ - Битола се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на

соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.10.2010 година до 22.10.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 15.10.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број09-168/9 од 08.11.2010 година.

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

**3.1.1.** ОУ„Елпида Караманди„ не извршило усогласување на Статутот на училиштето во законски предвидениот рок од 60 дена од денот на влегување во сила на Одлуката за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта на општините и пренесување на правото на сопственоста на објектите од 2005 година донесена врз основа на член 113-а од Законот за основно образование и член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа. Училиштето не извршило и пререгистрација во општинско основно училиште, а сопственоста на имотот не е пренесена на општината.

**Препорака**

ОУ„Елпида Караманди„ Битола да изврши усогласување на Статутот на училиштето и пререгистрација во Централниот регистар, а општината Битола да ја пренесе сопственоста на имотот од централно на локално ниво применувајќи ја Одлуката на Владата од 2005 година.

**Финансиски извештаи**

**3.2. Биланс на состојба**

**3.2.1.** ОУ„Елпида Караманди„ нема воведено сметководствена евиденииција (финансиска и материјална) на набавените стоки: екстра лесно масло, огревно дрво, и други материјали, на соодветните позиции на залихи и останат капитал со што не овозможило тековно следење на промените на потрошените количини и нивно прикажување на крајот на годината согласно член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и членот 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Не е извршен попис на наведените залихи со состојба на 31 декември 2009 година со што не е потврдена ниту фактичката состојба на истите со кои располага училиштето. Ваквата состојба укажува на необезбедена материјална одговорност од лицата кои ги примаат стоките и нереално прикажување на билансните позиции во Билансот на состојба.

**Препорака**
ОУ„Елпида Караманди„ да врши тековно евидентирање во сметководствената евиденција на набавените стоки, а на крајот на годината да се врши редовен попис заради утврдување на фактичка состојба и нејзино усогласување со сметководството.

**4. Ревизорско мислење**

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради изнесенотоа во точката 3.2.1. која се однесуваат на неизвршено сметководствено евидентирање на залихите на набавените стоки, и неизвршен попис на истите, ревизијата не можеше со сигурност да ја потврди состојбата на залиха на истите поради што изрази резерва за реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31. Декември 2009 година.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1. и 3.2.1. кои имаат влијание на Билансот на состојба на ден 31.декември 2009 година, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОУ

„Елпида Караманди " – Битола и резултатот од финансиските активности за годината која е предмет на ревизија, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2.1. од активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОУ„Елпида Караманди" – Битола, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание на следното:
За потребите на ОУ „Елпида Караманди" - Битола спроведени се две јавни набавки со отворена постапка кои се однесуваат на набавка на екстра лесно гориво во износ од 1.920 илјади денари, набавка на дрва во износ од 356 илјади денари и набавка за услуга на посебен линиски превоз за ученици од основното училиште во износ од 989 илјади денари. Набавките се извршени од страна на Општина Битола како групна набавка за сите општински основни училишта кои потпишале договор во кој се предвидени потребите за одделен вид стоки и услуги, за една учебна година која опфаќа две календарски години 2008/2009. Не е утврдено отстапување во реализација на договорот помеѓу училиштето, избраниот добавувач и Општината Битола како носител на набавката. Усогласеноста на постапката со Законот за јавна набавка ќе биде опфатена со друга ревизија.

Скопје, 20.12.2010 година

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 25.143 | 23.823 |
| **Вкупно приходи** | **25.143** | **23.823** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 20.376 | 19.393 |
| Стоки и услуги | 4.767 | 4.430 |
| **Вкупно тековни расходи** | **25.143** | **23.823** |
| **Вкупно расходи** | **25.143** | **23.823** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 677 | 789 |
| **Вкупно тековни средства** | **677** | **789** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 28.306 | 24.201 |
| **Вкупно постојани средства** | **28.306** | **24.201** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **28.983** | **24.990** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 677 | 789 |
| **Вкупно тековни обврски** | **677** | **789** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 28.306 | 24.201 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **28.306** | **24.201** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **28.983** | **24.990** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **24.201** | - | **24.201** |
| **Зголемување по основ на:** | **5.080** | - | **5.080** |
| Набавки | 3.774 | - | **3.774** |
| Ревалоризација на капитални | 1.306 | - | **1.306** |
| **Намалување по основ на:** | **975** | - | **975** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 548 | - | **548** |
| Амортизација | 550 | - | **550** |
| Корекции амортизација | (123) | - | **(123)** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **28.306** | - | **28.306** |